РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-4152/13 (2019)
08-11-2021

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, на 54-та седница одржана на ден 01.11.2021 година донесе

**О Д Л У К А**

Постапката на ДКСК по предметот број 08-4152/1 од 04.09.2019 година, оформен по сопствена иницијатива за проверка на податоците од анкетниот лист на службеното лице ______________, Министер за ________________ во Владата на Република Северна Македонија , **СЕ ЗАПИРА**.

По проверка и анализа на податоците, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување во конкретниот предмет.

Оваа одлука во анонимизирана форма се објавува на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

По сопствена иницијатива, а согласно Годишниот план за следење на имотната состојба и судирот на интереси за 2019 година, оформен е предметот со број 08-4152/1 од 04.09.2019 година, за проверка на вистинитоста на податоците внесени во анкетниот лист на службеното лице _____________, Министер за _______________ во Владата на Република Северна Македонија.

Заради проверка на податоците пријавени во анкетниот лист, ДКСК прибави податоци и информации за имотот на ____________ и имотот на членовите на неговото семејство од Агенцијата за катастар на недвижности, Министерството за внатрешни работи, Управата за јавни приходи, Централниот депозитар за хартии од вредност и Централниот регистар на Република Северна Македонија.

По извршениот увид на прибавените податоци од наведените институции и податоците пријавени во анкетниот лист, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување.

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изготвил:
Одобрил:

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица бр.3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk